РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 09-949/6
15-04-2021
________ r./v.

Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на продолжението на 47-та седница, одржано на ден 09 април 2021 година, донесе

**О д л у к а**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 09-949/1 од 01.03.2021 година, по што се запира постапувањето по овој предмет.

Предметот со број 09-949/1 од 01.03.2021 година, да се затвори и да се архивира.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-949/1 од 01.03.2021 година е оформен по сопствена иницијатива врз основа на редовна проверка на Образецот - Изјавите за интереси поднесена од ---------------- пратеник во Собранието на РСМ, поради тоа што управувал како сопственик со трговско друштво --------------, што е спротивно на член 45 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите.

Имено, согласно наведениот член:

(1) Лице кое стапува на функција на избрано или именувано лице, со исклучок на лицата кои стапуваат на функција која не се извршува професионално, доколку управува со трговско друштво или установа како сопственик, е должно пред да стапи на функцијата управувањето да му го довери на друго лице или тело, освен на членови на неговото семејство, за времето на вршењето на функцијата, јавните овластувања или должности.

На лицето ----------- со Одлука за верификација на мандатот на Пратениците во Собрание на Република Северна Македонија бр.08-2362/1 од 04.08.2020 година му е верификуван мандатот во Собранието на РСМ. По проверка во Дистрибутивен систем на Централен Регистар на Република Северна Македонија на ден 12.02.2021 година е утврдено дека наведеното лице е управител со трговско друштво ---------------.

Врз основа на вака констатирана фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата, на седницата одржана на 12.02.2021 година, одлучи согласно член 114 став 3 од

Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси да се поведе постапка на порамнување со издавање на прекршочен платен налог против службеното лице -------------- , пратеник во Собранието на РСМ, поради тоа што како сопственик управувал со трговско друштво ------------, со што е постапено спротивно на член 45 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, и казнив согласно член 105 став 1 алинеја 2 од истиот закон.

Врз основа на член 114 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија на именуваното лице му издаде и достави прекршочен платен налог за повреда на член 45 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 105 став 1, алинеја 2 од истиот закон.

По проверка во Дистрибутивен систем на Централен Регистар на Република Северна Македонија е констатирано дека е направена промена на управителството кај трговско друштво -----------, односно наместо службеното лице ----------------- пратеник во Собранието на РСМ, како управител е назначено лицето -------------. Оваа промена е направена на 17.02.2021 година.

При проверка во веб апликацијата Е-обврски е утврдено дека лицето извршило уплата на половина на глобата изречена со прекршочниот платен налог.

Согласно погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: С.М, виш соработник